УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“
ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“

# *100 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ПРОФ. Д-Р РАДМИЛА УГРИНОВА-СКАЛОВСКА*



**Проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска**

(6.2.1926 – 30.5.2018)

Проф. д-р Угринова-Скаловска е родена во Скопје. Основното и средното образование го стекнува во родниот град. Во 1945 година заминува на студии во Белград, а по основањето на Филозофскиот факултет во 1946 година своите студии ги продолжува во Скопје. Таа припаѓа на првата генерација дипломирани македонисти и заедно со акад. Божидар Видоески стануваат првите асистенти на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици.

Проф. Угринова-Скаловска предаваше старословенски јазик, споредбена граматика на словенските јазици, разни курсеви од современ македонски јазик. И нејзиниот научен интерес го покрива широкото поле на овие дисциплини, но основниот научен интерес ѝ е палеославистиката. Научната библиографија на Угринова-Скаловска брои околу сто и педесет единици, од кои голем број се книги.

Научниот интерес на проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска се движи во неколку насоки: најстариот период на словенската писменост со посебен акцент на особеностите на текстовите од македонската редакција на црковнословенскиот јазик и има приредено важни изданија на словенските ракописи: *Радомирово евангелие, Добромирово евангелие*, изданија на избор од делата на Климент Охридски и др.

Од трудовите посветени на современиот македонски јазик се истакнува нејзината докторска дисертација на тема *Значењето на глаголските префикси во македонскиот јазик* (1960) што претставува пионерски труд во славистиката во кој од семантички аспект се обработуваат глаголските префикси. Радмила Угринова-Скаловска учествува во сите изданија на *Правописот на македонскиот литературен јазик* како соавтор.

Значаен е придонесот на проф. Угринова-Скаловска во организирањето на Одделението за историја на македонскиот јазик во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје каде што под нејзино раководство во 1964 година започнува утврдувањето на основната методологија за изработка на *Речникот на*

*црковнословенскиот јазик од македонска редакција*, проект на којшто работи како редактор до крајот на животот.

# ПОКАНА

## 100 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ПРОФ. Д-Р РАДМИЛА УГРИНОВА-СКАЛОВСКА

## 12–13.3.2026 г.

По повод 100 години од раѓањето на проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ организираат меѓународна научна конференција.

Теми на конференцијата:

1. Придонесот на проф. д-р Радмила Угринова-Скаловска за македонистиката;
2. Црковнословенска писменост; речниците на црковнословенскиот јазик;
3. Современ македонски јазик (глаголската префиксација; правописни прашања; јазикот на писателите; лингвистичката терминологија);
4. Граматички конфронтации меѓу македонскиот и другите словенски јазици;
5. Дијалектите на македонскиот јазик.

**Рок за доставување на пријавите: 1.2.2026 г.**

Известување за прифаќање на темите: 15.2.2026 г.

Одржување на конференцијата: 12–13.3.2026 г.

Место на одржување: Филолошки факултет „Блаже Конески“

Работни јазици: македонски, сите словенски јазици и англиски јазик.

Вашите пријави, во соодветниот формулар, кој е дел од оваа покана, можете да ги доставите на електронската адреса:

100godini.ugrinovaskalovska@flf.ukim.edu.mk

Пријавата треба да содржи наслов на рефератот, апстракт (не подолг од 250 збора), клучни зборови (до 5) и број на тематската област за која се пријавувате (од 1 до 5).

Конференцијата ќе се одржи со физичко присуство со можност за онлајн учество само за странските учесници.

Времетраењето на излагањата ќе биде 15 минути.

По рефератите е предвидена дискусија.

Трудовите ќе бидат рецензирани и објавени во електронска и во печатена форма, со меѓународен научен одбор.

За конференцијата не е предвидена котизација, а трошоците за пат и за сместување се на товар на учесниците.

Организациски одбор на конференцијата:

проф. д-р Емилија Црвенковска, претседател
проф. д-р Људмил Спасов
проф. д-р Димитар Пандев
проф. д-р Лилјана Макаријоска
проф. д-р Елена Јованова-Грујовска
проф. д-р Катица Трајкова
проф. д-р Искра Пановска-Димкова
проф. д-р Марија Паунова, секретар
проф. д-р Борче Арсов, секретар

Меѓународен научен одбор:

проф. д-р Људмил Спасов, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

проф. д-р Емилија Црвенковска, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

проф. д-р Димитар Пандев, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

проф. д-р Лилјана Макаријоска, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

акад. Матео Жагар, Филозофски факултет, Универзитет во Загреб, Хрватска

проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

проф. д-р Катица Трајкова, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

проф. д-р Виктор Савиќ, Институт за српски јазик, Српска академија на науките и уметностите, Белград, Србија

проф. д-р Искра Пановска-Димкова, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

проф. д-р Роман Кривко, Институт за славистика, Универзитет во Виена, Австрија

проф. д-р Сања Зупчиќ, Филозофски факултет, Универзитет во Риека, Хрватска

проф. д-р Марија Паунова, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

проф. д-р Ѓоко Николовски, Филозофски факултет, Универзитет во Марибор, Словенија

проф. д-р Борче Арсов, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје